Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), во согласност со Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.08/23) и Правилникот за измена на правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/23), Градоначалникот на општина Гази Баба објавува

# Јавен повик

за финансиска поддршка за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и култура за 2023 година

## I

Јавниот повик се објавува за реализирање на следниот проект:

1. **„Вкусовите на Гази Баба“**

## II

Право на учество на јавниот повик имаат сите здруженија на граѓани, фондации, установи, трговски друштва и маркетинг агенции.

## III

Во рамките на овој Јавен повик финансиски ќе бидат поддржани манифестации кои ќе допринесат за развој во следните области:

- развој и промоција на туризмот, угостителството и гастрономијата од интерес на општина Гази Баба;
- поттикнување на туристичкиот раст и промоција на Општина Гази Баба како атрактивна дестинација;
- развој и промоција на туризмот во Општина Гази Баба преку организирање на манифестации и настани со разновидна содржина збогатена со квалитетна музичка програма;

## IV

**Временска рамка и начин на распределба на средства**

Средствата се однесуваат за 2023 година. Користењето на доделените средства ќе биде регулирано согласно потпишан Договор со Општина Гази Баба.

## V
## Основни организациски критериуми

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат заинтересираните апликанти кои учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани во Централен регистар со седиште во Скопје;

## VI
## Проценка на квалитетот на проектите

Проценката на квалитетот на проектите на заинтересираните апликанти кои ги исполнуваат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа на критериуми, достапни со пријавата. Изборот на најдобрите предлог проекти ќе го изврши Комисија формирана од Градоначалник на општина Гази Баба.

Приоритени области :

- Одржлив развој на туризмот, угостителството и културата во општина Гази Баба;
- Промоција на туризмот, угостителство и културата;
- Активности за унапредување на туризмот, угостителството и културата во општина Гази Баба;
- Проекти што се од исклучително значење за општина Гази Баба.

## VII
## Потребна документација која апликантот треба да ја достави кон Пријавата

Покрај пријавата која што треба да биде пополнета (дигитално со печатни букви на кирилично писмо), потпишана од надлежното лице и заверена со печат на здружението, фондацијата, трговското друштво, установата или маркетинг агенцијата апликантот задолжително треба да ги достави следниве прилози:;

- ✓ Тековна состојба од Централен Регистар или Решение за регистрација на здружение или фондација;
- ✓ Потпишана изјава за подмирени обврски кон општина Гази Баба (данок, комунална такса);
- ✓ Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (централен регистар);
- ✓ Дигитално пополнет предлог проект со печатни букви на кирилично писмо;
- ✓ Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- ✓ Референтна листа;
- ✓ Најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и
- ✓ Писмена поддршка и преддоговор од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на проектот.

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или кои што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***

## VIII

## Период на реализација на проектот

Еден цел ден во периодот Септември – Октомври 2023г. (во консултација со општина Гази Баба).

## IX

## Вкупниот буџет за оваа финансиска поддршка

- Финансиска поддршка изнесува 300.000,00 (тристотини илјади) денари;
- Општина Гази Баба со претставникот на најдобрата понуда ќе склучи Договор за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и храна „Вкусовите на Гази Баба“;
- Претставникот на најдобрата понуда може да користи финансиски средства за организација на манифестацијата кои ги стекнал на основа на спонзорство или донации надвор од доделената финансиска поддршка на општина Гази Баба;
- Средствата ќе бидат исплатени по потпишување на договорот, и тоа 50% по потпишување на договорот и 50% по организацијата на манифестацијата „Вкусовите на Гази Баба;
- Општината го задржува правото да не ги исплати сите финансиски средства доколку не се исполнети условите за доделување на финансиски средства согласно Правилникот.

## X

## Рок и начин на доставување на пријавите

Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена форма, и електронска форма на CD во PDF формат, до Архива на општина Гази Баба, ул. Архимедова бр.2, **најдоцна до 16 часот на 18.08.2023 година;**

Електронската верзија на докуметацијата треба да се достави и на следната e-mail адреса: contact@gazibaba.gov.mk

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во затворен коверт на адреса: **Општина Гази Баба - Скопје, Сектор за локален економски развој и европски интеграции, ул. “Архимедова“ бр.2, 1000 Скопје** (со назнака - Сектор за локален економски развој и европски интеграции – Пријава за јавен повик за финансиска поддршка за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и култура за 2023 година)

Апликантите на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавата за финансиска поддршка, критериумите за избор и финансиската конструкција се достапни во просториите на општина Гази Баба, Сектор за локален економски развој и европски интеграции, барака бр.6, секој работен ден од 9.00 до 16.00 часот и на интернет страната на општина Гази Баба – *www.gazibaba.gov.mk* .

Прашања за појаснување може да се поставуваат по електронски пат до Сектор за локален економски развој и европски интеграции на следната e-mail адреса: contact@gazibaba.gov.mk .